ЈП "Охридски Комуналец" Охрид е единствено претпријатие на територијата на општина Охрид овластено за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад.

Своите услуги јавното претпријатие ги извршува врз основа на позитивните законски прописи односно врз основа на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши јавното претпријатие број 02-2444/6 од 28.11.2022 година и Одлуката за давање согласност на истата Одлука, број 08-17370/49 од 22.12.2022 година донесена од Советот на општина Охрид.

Во однос на одржување на јавната чистота, претпријатието се раководи согласно Одлуката за одржување на јавната чистота и утврдување надоместок за одржувањето на јавната чистота број 07-2285/16 од 14.09.2009 година донесена од Советот на општина Охрид, како и согласно Одлуката за измена на горенаведената Одлука, број 07-3290/8 од 01.04.2014 година.

За секоја извршена услуга од страна на јавното претпријатие се изготвува соодветен документ и тоа:

За услугата - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица, за секој корисник на нашите услуги се изготвува месечна сметка

За услугата - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица, со корисниците на нашите услуги се склучува Договор за собирање, подигање и транспортирање на комунален отпад и се изготвуваат месечни фактури

За услугата - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и индустриски неопасен отпад од правни лица со деловни простори/објекти лоцирани на територијата на општина Охрид и надвор од општина Охрид утврден според волуменот на отпадот, се склучува Договор за собирање, подигање и транспортирање на комунален отпад и се изготвуваат месечни фактури

За услугата - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик, на секој корисник на таа услуги му се изготвува транспортен формулар а врз основа на тоа се изготвува фактура

За услугата - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за угостителски објекти и други објекти кои работаат само во одреден период од годината/сезонски објекти, со секој корисник на нашите услуги се склучува Договор за собирање, подигање и транспортирање на комунален отпад за периодот за кој ќе ја користи нашата услуга, врз основа на кој Договор, се изготвува профактура за целиот период за кој е склучен Договорот а после тоа се изготвува фактура

За услугата - Надоместок за депонирање на комунален отпад на депонијата Буково, на секој корисник на таа услуга му се изготвува транспортен формулар а врз основа на тоа се изготвува фактура

За услугата - Надоместок за извршена услуга - уништување на производи на депонија Буково по барање на корисникот на услугата, на секој корисник на таа услуги му се изготвува транспортен формулар, потврда за извршено депонирање на производи а врз основа на тоа се изготвува фактура

За услугата - Надоместок за извршена услуга - депонирање на градежен отпад на општинската депонија за градежен отпад, на секој корисник на таа услуга му се изготвува заклучница а врз онова на тоа се изготвува фактура

Надоместокот за услугите што ги врши јавното претпријатие во рамките на Секторот Механизација се определува во зависност од извршената услуга и истиот е прикажан во точка 9 од Одлуката број 02-2444/6 од 28.11.2022 година и за истото, на корисниците на тие услуги им се изготвува фактура за плаќање на утврдениот надоместок

Надоместокот за услугите што ги врши јавното претпријатие во рамките на Секторот Паркови и зеленило се определува во зависност од

извршената услуга и истиот е прикажан во точка 10 од Одлуката број 02-2444/6 од 28.11.2022 година и за истото, на корисниците на тие услуги им се изготвува фактура за плаќање на утврдениот надоместок

За утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота донесена е Одлука број 02-1348/3 од 15.08.2018 година која е изменета со Одлука број 02-1748/5 од 02.11.2023 година.

За услугата - Надоместок за услугите што ги врши јавното претпријатие по одржување на манифестации, се склучува Договор за услуги и за истото се изготвува профактура за плаќање на надоместокот а после тоа и фактура

За услугата - Надоместок за услугите што ги врши јавното претпријатие за вонредно чистење на улиците се склучува Договор за услуги и за истото се изготвува профактура за плаќање на надоместокот а после тоа и фактура

За услугата - Надоместок за услугите што ги врши јавното претпријатие за користење на просторот за Полигон за обука на возачи, корисниците на услугата се склучува Договор за услуга и за истото се изготвува месечна фактура за плаќање на надоместокот

За услугата - издавање под закуп на деловни простори и неизградено земјиште се склучува Договор за закуп и за истото се изготвува месечна фактура за плаќање на надоместокот

При изготвување на Договорите, Заклучниците, Транспортните формулари, Профактурите и Фактурите потребно е корисникот на нашите услуги точно да ги прикаже податоците за субјектот, било да е физичко лице или правен субјект.

Корисници на Нашата услуга - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица, се физички лица кои се сопственици на индивидуални станови и станови во колективно живеење на територијата на општина Охрид.

Корисници на Нашата услуга - Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица, се правни субјекти кои обавуваат дејност на територијата на општина Охрид.

Сите горенаведени услуги, може да ги користат физички и правни лица од РСМ кои имаат во сопственост станбен или деловен простор во општина Охрид односно извршуваат било каква дејност на територијата на општина Охрид.

Напоменуваме дека јавното претпријатие извршува и комунални услуги по налог на општина Охрид.

На нашата електронска страница,www.ohridskikomunalec.com.mk, достапни Ви се Одлуките кои се наведени во оваа информација.